*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Ш т и п*
*Арх. Бр.18-118/6*
*Од 17.05.2023 год*

Врз основа на член 29 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20), член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), и дополнувањето на годишната програма за финансирање на урбанистички планови на Општина Штип за 2023 година со Одлука од Советот на Општина Штип бр. 08-1080/1 од 08.02.2023 година("Сл.гласник на Општина Штип" бр.10), Градоначалникот на Општина Штип го доставува следниот:

# ЈАВЕН ПОВИК

**За организирање на ПОВТОРНА Јавна презентација и јавна анкета**

**по изготвен**

## Изменување и дополнување на детален урбанистички план за дел од УЕ 27,дел од населба “Автокоманда” , Општина Штип

Граници на планскиот опфатот за изработка на предметниот ДУП е ограничен со следниве улици:

- од север опфатот е дефиниран по осовина на ул.” Глигор Прличев”

- од исток опфатот е дефиниран по осовина на ул.“ Сутјеска “

- од југ опфатот е дефиниран по осовина на ул. “ Митко Соколовски “

- од запад опфатот е дефиниран по осовина на пешачка патека

Површината која ја опфаќа опишаната граница на прелиминарниот плански опфат изнесува 0,46 ха.

Согласно законската регулатива од областа на урбанистичко планирање, јавниот повик за одржување на јавна анкета и јавна презентација по изготвена измена и дополнување на детален урбанистички план за дел од УЕ 27,дел од населба “Автокоманда” , Општина Штип ќе се спроведува преку информацискиот систем на е урбанизам (https://www.e-urbanizam.mk/), се објавува на официјалната страна на Општина Штип (https://stip.gov.mk/), огласна табла на Општина Штип и прегу соопштенија во подрачјето на планскиот опфат.

ОПШТИНА ШТИП

МQS СЕРТИФИКАТ ISO 9001:2008

**Јавниот повик за спроведување на Јавна анкета и јавна презентација ќе трае 15 денови започнувајки од 18 Мај 2023 год. и истиот ќе трае до 01 Јуни 2023год.**

Јавната анкета и јавната презентација за изменување и дополнување на детален урбанистички план за дел од УЕ 27,дел од населба "Автокоманда" , Општина Штип ќе се спроведе со излагање на Предлог планот во информацискиот систем на е- урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип.

Јавната анкета ќе трае 10 дена од денот на објавувањето на Соопштението и тоа од 05 Јуни 2023 до 16 Јуни 2023 год, а јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 09 Јуни 2023 година во 11: 00 часот во просториите на Сала 2 на општина Штип. Во споменатиот рок, можат да се доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови во писмена и електронска форма.

*Изработил:*
*Драгана Штерјова, диа*

*Контролирал:*
*Лазар Хаџи-Николов*

*Секретар на Општина Штип*
*Вишна Шорова-Ангелова*

***ОПШТИНА ШТИП***
*Градоначалник*
*Иван Јорданов*

*Општина Штип ул. „Васил Главинов" бр. 4Б, 2000 Штип, Република Северна Македонија*
*Тел: (032) 22 66 00 Факс: (032) 22 66 01*
*Веб страна: www.stip.gov.mk е-пошта: gradonacalnik@stip.gov.mk*